Fair Work Commission

# Fair Work Commission

Ние сме австралиски независен трибунал за односи на работното место. Им помагаме на вработените и на работодавците да ги решат проблемите на работа. Ова вклучува:



Неправедно отпуштање



Малтретирање



Сексуално вознемирување



Дискриминација



Спорови за правата на работното место

Ние, исто така:

- одлучуваме колкава е националната минимална плата
- ги одредуваме минималните услови за вработување за некои работници
- ги одобруваме заедничките договори за претпријатија
- ги регулираме регистрираните организации, како што се синдикатите и организациите на работодавачи

Нашата работа е да поддржуваме едноставни, правични и флексибилни односи на работното место за вработените и работодавачите.

За информации за плата, одсуство и други права, посетете ја интернет страницата на Fair Work Ombudsman на www.fairwork.gov.au

## Решавање на проблеми на работното место

Кога барате од нас да решиме проблем на работното место, вие започнувате правен процес.

Ќе треба да пополните формулар со објаснување на проблемот. Одете на 'Apply or Lodge' на нашата интернет страница. Ќе го споделиме вашиот формулар со другото вклучено лице. Нивниот формулар исто така ќе биде споделен со вас.

Ќе се обидеме да ви помогнеме да се договорите решение.

Ако ова не функционира, можете да побарате од нас да одлучиме за исходот во ваше име. Ова е како да сте на рочиште во судот. Нашата одлука е правно обврзувачка.

## Помош на вашиот јазик

Можете да ја користите Translating and Interpreting Service (TIS) за да ни се јавите.

Interpreter

Јавете се на
**131 450**
Услугата е бесплатна.

Кажете му на операторот:

- кој е вашиот јазик — за да можат да ве поврзат со толкувач
- нашето име — Fair Work Commission
- нашиот телефонски број е — 1300 799 675

Можеме да договориме и толкувач ако треба да учествувате на состанок или сослушување.

## Бесплатен правен совет

Ако ви треба помош за да одлучите што да правите, имаме бесплатна правна услуга за вработените и за малите бизниси. Побарајте 'Workplace Advice Service' на нашата интернет страница.

Службата може да помогне при неправедно отпуштање од работа, дискриминација, малтретирање и сексуално вознемирување на работа.